AUDIT 4 YOU
AUDIT & ACCOUNTING

SHENASI BAJRAMI Digitally signed by SHENASI BAJRAMI Date: 2021.03.31 09:57:57 +02'00'

# ИЗВЕШТАЈ ЗА
# ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА

*АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Улица: Кемал Ататурк, Бр.20/1-12, Скопје, Република Северна Македонија*
*Т: +389 71 210-420, www. audit4you.mk*

*Регистриран во Централен Регистар со ЕМБС: 7376952*

AUDIT 4 YOU
AUDIT & ACCOUNTING

Согласно член 35 од Законот за ревизија во Република Северна Македонија ("Службен Весник на РМ" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18), АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје го објавува следниот:

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА

Извештај за транспарентност за 2020 година содржи информации во врска со:

1. Правната структура и сопственост на друштвото за ревизија;
2. Професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;
3. Управувачката структура на овластен реивизор – трговец поединец;
4. Внатрешниот систем на контрола на квалитет на овластен реивизор – трговец поединец и изјава од овластениот надлежен орган на овластен реивизор – трговец поединец за ефективноста на функционирањето на овој систем;

   **ПРИЛОГ 1** - Изјава за ефективноста на функсионирање на системот на контрола на квалитет
5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со членот 20-а од Законот за ревизија;
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година;
7. Независност на ревизоротч

   **ПРИЛОГ 2** - Изјава за независно работење на овластен ревизор – трговец поединец со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;
8. Професионално усовршување на овластените ревизори и другиот ревизорски персонал;

   **ПРИЛОГ 3** - Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија, односно овластениот ревизор-трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година;
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет во четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување на квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги; и
10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

# 1. ПРАВНАТА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР -ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ

## 1.1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Целосен назив на фирмата: | Трговец поединец за сметководство, книговодство и ревизија АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Ајредин Бајрами, Скопје |
| Опис на правна форма: | Трговец поединец |
| Седиште: | Ул. Ќемал Ататурк бр.20/1-12 Скопје, Чаир |
| Датум на основање: | 15.08.2019 |
| Основна главнина | Нема |
| Приоритетна дејност/<br>Главна приходна шифра: | 69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување |
| Регистерски број во ИОРРМ | ТП021 |
| Број на лиценца за работа на вршење ревизија: | Регистарски број на лиценца број 16,<br>Број 08-13 од 18.09.2019 |
| Адреса на подружници: | Нема |
| Основани друштва во земјата и странство во целосна или доминатна сопственост на друштвото | Нема |
| Број на вработени на 31.12.2019 на неопределено работно време: | 1 |
| Броја на вработени на неопределено работно време на денот на Извештајот за транспарентност | 1 |
| Број на вработени на определено работно време | Нема |

## 1.2. Основање и правна структура

АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје е формиран во согласност со Законот за ревизија, регистрирана во Централниот Регистар на Република Северна Македонија на 15.08.2019 година со ЕМБС: 7376952 врз основа на Законот за трговски друштва како трговец поединец и има добиено од СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор - трговец поединец со регистарски број на лиценца бр. 16.

### 1.3. Сопственост

АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје е регистриран во Централниот Регистар на Република Северна Македонија како трговец поединец и е во целосна сопственост на 1 (едно) физичко лице, овластен ревизор, Шенаси Бајрами. Имајќи ја во предвид формата на трговец поединец АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје нема основна главнина и основачот одговара за своите обврски лично и неограничено со целиот свој имот.

### 1.4. Осигурување од професионална одговорност

| | |
|---|---|
| Минимална сума на професионална одговорност за покривање на штетен настан: | 30.000,00 евра, односно 1.845.000,00 денари |
| Број на полиса: | 13029O061787 |
| Друштво за осигурување: | Уника АД, Скопје |
| Период на осигурување: | 06.09.2020 - 06.09.2021 |

### 1.5. Список на овластени ревизори вработени во друштвото на ден 31.12.2020 година

| **Име и презиме на Овластениот ревизор** | **Број на лиценца** |
|---|---|
| Шенаси Бајрами | Број на лиценца 230<br>08-8/1 од 04.03.2019 |

## 2. ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ И СТРУКТУРНИТЕ АНГАЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА СУБЈЕКТОТ

АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје делува како овластен ревизор на територија на Република Северна Македонија и не припаѓа на ниедна професионална мрежа. Канцеларијата е основана и работи со цел давање на услуги на комитентите кои делуваат на пазарот во Република Северна Македонија и во странство.

## 3. УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА НА ОВЛАСТЕН РЕИВИЗОР – ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ

Шенаси Бајрами е сопственик и едиствен одговорен за управување на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами.

## 4. ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ОВЛАСТЕН РЕИВИЗОР – ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ И ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ОВЛАСТЕН РЕИВИЗОР – ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ОВОЈ СИСТЕМ

Внатрешниот систем на контрола на квалитет на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје е воспоставен во согласност со:

- МСКК 1 - Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1; и
- МСР 220 - Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи.

**МСКК 1** - се однесува на одговорностите на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје да воспостави и одржува систем на контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување, дека АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје и персоналот се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања и дека извештаите кои друштвото ги издава се соодветни на дадени околности.

АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје одржува високо ниво на интегритет, професионални стандарди и квалитетна услуга со константно следење на правната и економската легислатива, како и одржување на висок степен на професионално знаење.

Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на:

- Одговорности на лидерите за квалитет во рамките на друштвото;
- Релевантните етички барања;
- Прифаќање и одржување на односите со клиентот и специфични ангажмани;
- Човечките ресурси;
- Извршување на ангажманот; и
- Надгледување.

**МРС 220** - се однесува на одговорностите на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје да воспостави и одржи систем на контрола на квалитет на ревизорските ангажмани. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на:

- лидерски одговорности за квалитет на ревизиите;
- релевантни етички барања;
- прифаќање и одржување на односот со клиентот и ревизорскиот ангажман;
- назначување на тим на ангажманот;
- извршување на ангажманот;
- надгледување и
- документирање.

Одговорен за квалитетот на севкупната ревизорска работа на овластен реивизор – трговец поединец е управителот (овластен ревизор) кој во името на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје ги потпишува ревизорските извештаи.

Управителот на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје донесува програма во вид на прашалници за постапките и процедурите за вршење на внатрешната контрола на квалитетот.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија, АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје, доследно се придржува кон усвоениот Прирачник за контрола на квалитетот на ревизиите кои се извршуваат од АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје, како на ниво на трговец поединец, така и на ниво на поединечните ангажмани, се со цел да се обезбеди дека вработените се придржуваат кон интерните акти на друштвото при спроведување на поставените задачи од страна на раководителот на ревизорските тимови.

Системот на контрола на квалитет на друштвото е дизајниран да обезбеди раумно уверување дека ангажманите на уверување кои сме ги превземале се целосно усогласени со Меѓународните Ревизорски Стандарди, релевантните етички барања како и применливите правни и регулаторни барања. Контролата на квалитетот на ревизорската работа се имплементира како на ниво на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје, така и на секоја поединечна ревизија.

**(Прилог 1 кон овој Извештај)**

## 5. ДАТУМ КОГА Е ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ СОГЛАСНО ЧЛЕН 20-а ОД ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

До датумот на овој извештај за транспарентност не се извршени проверки за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20-а од Законот за ревизија.

## 6. СПИСОК НА СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје во текот на 2020 година има извршено ревизија на финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2019 година за следниве субјекти .

**Договорни ревизии на финансиски извештаи**

| Ред број | НАЗИВ НА СУБЈЕКТОТ (ДОГОВОРНИ РЕВИЗИИ) |
|---|---|
| 1 | ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИН Македонија, Тетово |

## 7. НЕЗАВИСНОСТ НА РЕВИЗОРОТ

АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје посебно внимание и придава на независноста, а со тоа и на проверка во сите ситуации каде што е можно загрозување на независноста на ревизорот, бидејќи сметаме дека независноста е основа за квалитетот, објективноста, професионализмот и довербата во ревизорската работа. Независноста ја разбираме со исполнување на следниве критериуми:

- Чесност и објективност;
- Професионална стручност и должно внимание;
- Избегнување на етички судири со клиентите;
- Доверливост;
- Професионално однесување;
- Почитување на барањата од стандардите за етика.

Ние цениме дека независноста на ревизорот е загрозена во следниве случаи:

- Доколку истовремено освен ревизорски услуги на клиентот му се обезбедуваат и сметководствени услуги и / или услуги на процена и судски вештачења;
- Ако членови на ревизорскиот тим се во блиско сродство со некои од раководството на клиентот;
- Ако било кој од ревизорскиот персонал има било каков финансиски интерес со клиентот или е вклучен во управувачките и надзорни структури во органите на клиентот.

Независноста на ревизорскиот персонал се испитува на неколку нивоа и тоа по пат на изјави, на годишно ниво за сите клиенти со кои друштвото има склучено договори за ревизија, пред назначување на членовите на конкретен ревизорски тим, а членовите на ревизорските тимови во одлуките за назначување се предупредени да го известат управителот доколку во текот на ревизијата се создадат околности со кои може да биде загрозена нивната независност.

**(Прилог 2 кон овој Извештај)**

AUDIT 4 YOU
AUDIT & ACCOUNTING

8. **ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ И ДРУГИОТ РЕВИЗОРСКИ ПЕРСОНАЛ**

АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје им овозможува на своите вработени нивно натамошно професионално усовршување преку присуство на семинари во земјата организирани од Институтот на овластени ревизори или акредитирани институции. АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами располага и со солиден фонд на стручна литература, видео и аудио предавања од областа на ревизијата, даночната регулатива и сметководството.

**(Прилог 3 кон овој Извештај)**

9. **ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД ОСТВАРЕН ОД РЕВИЗИЈАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ**

АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје во текот на 2020 година оствари вкупно МКД 2.916 илјади денари од ревизии и други услуги.

| **ОПИС/ГОДИНА** | **2020 година** | | **2019 година** | |
|---|---|---|---|---|
| ***Вкупен приход по услуги*** | **во 000 МКД** | **во %** | **во 000 МКД** | **во %** |
| услуги на ревизии на годишни сметки (согласно МСР) | 216,00 | 7,41% | - | - |
| други неревизорски услуги | 2.700,00 | 92,59% | - | - |
| **ВКУПНО:** | **2.916,00** | **100,00%** | - | - |

10. **ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА ПО КОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР**

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува врз основа на буџетираните потрошени часови за ангажманот, зголемени за евентуалните трошоци поврзани со самиот ангажман.

**Скопје, 31 март 2021**

**АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами**

Трговец поединец за сметководство, книговодство и ревизија ТП АУДИТ 4ЈУ Шенаси Алредин Бајрами Скопје

**Овластен ревизор**
**Шенаси Бајрами**

AUDIT 4 YOU
AUDIT & ACCOUNTING

**ПРИЛОГ 1:**

## ИЗЈАВА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКСИОНИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Јас Шенаси Бајрами како основач и управител на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје изјавувам дека усвоениот внатрешен систем на контрола на квалитет на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје функционираат најефективно. Воедно успешно се врши спроведување на пропишаните политики и процедури на работењето во врска со внатрешниот систем на контрола на квалитет на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје.

**Скопје, 31 март 2021**

**АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами**

**Овластен ревизор**
**Шенаси Бајрами**

*АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Улица: Кемал Ататурк, Бр.20/1-12, Скопје, Република Северна Македонија*
*Т: +389 71 210-420, www. audit4you.mk*

*Регистриран во Централен Регистар со ЕМБС: 7376952*

AUDIT 4 YOU
AUDIT & ACCOUNTING

**ПРИЛОГ 2:**

## ИЗЈАВА ЗА ПОСТОЕЊЕ НА ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСНОСТ НА НЕЗАВИСНОСТА

Јас Шенаси Бајрами како основач и управител на АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје изјавувам дека АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, Скопје работи независно од клиентите за ревизија и има интерни процедури за ефикасно проверка на усогласност на независноста и дека истите успешно се сроведуваат во работењето

**Скопје, 31 март 2021**

**АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами**

ТП АУДИТ 4ЈУ Шенаси Алредин Бајрами Трговец поединец за сметководство, книговодство и ревизија Скопје

**Овластен ревизор**
**Шенаси Бајрами**

**ПРИЛОГ 3:**

## ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКА ШТО ЈА СЛЕДИ ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР – ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ЗА КОНТИНУРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

Во функција на унапредување на квалитетот на ревизорските постапки а согласно член 28 од Законот за ревизија, овластениот ревизор - трговец поединец има развиено политики за:

- Континуирана едукација на овластениот ревизор во рамките на Институтот за овластени ревизори на РСМ
- Перманентна едукација на персоналот преку присуство на семинари во организација на консалтинг куќи од Република Северна Македонија.

АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами, , Скопје потврдува дека усвоениот систем на политики и процедури во функција на зголемување на квалитетот на едукација на кадарот со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет и истите од година во година доследно ги применува.

**Скопје, 31 март 2021**

**АУДИТ 4ЈУ ТП Шенаси Бајрами**

**Овластен ревизор**
**Шенаси Бајрами**